# Како го прават другите тоа

Златко ТЕОДОСИЕВСКИ

**И од Македонија, светот сака да ги види вистинските вредности - на вистински начин! Тоа пред сè значи: професионална културна презентација, во врвни светски метрополи и институции, на врвно стручно-научно рамниште. Поинакви опции, едноставно - не постојат! Или нешто знаете да правите и тоа го правите на најдобриот можен начин, или - не го правите. Во тој поглед средина нема**

Културната политика на една држава е, несомнено, сериозна работа. Толку сериозна што во сериозните држави, основите на таа политика (токму поради тоа и се именува како политика) по правило ги утврдува највисокиот законодавен дом на државата.

Дел од таа културна (но не и култ-урна) политика задолжително се однесува и на презентацијата на културата во странство, особено на делот што се подразбира како културно наследство, или национално културно богатство... итн. Во овој поглед искуствата, во зависност од политиката (културната, се разбира), се различни.

Турција, на пример, многу ретко - односно речиси никогаш - не го изнесува сопственото непроценливо културно наследство од земјата. За тоа, логично, има редица разбирливи причини, но една од нив е и фактот дека Турција, од културниот туризам - оние стотици илјади туристи, но и голем дел познавачи на уметноста - во текот на целата година собира милиони долари! (Постојат ли кај нас воопшто некакви показатели во оваа насока?). Кој, во такви услови, би дозволил изнесување, на пример, на дел од богатството на Топкапи?

Тракиското злато од Бугарија, колекција што навистина заслужува највисока почит (уметничка, но и - финансиска), го (про)шета светот односно култните метрополи и врвните уметнички институции. Грчките, албанските, бугарските средновековни икони исто така биле на показ во најзначајните културни центри. Во минатата, 1998 година, во Кралската академија за уметности во Лондон, под насловот "Уметноста на Света Русија - икони од Москва 1400-1660", беа презентирани најдобрите примероци на руското средновековно иконосликарство. Се разбира, вклучувајќи го и - Рубљов! Лондон неколку месеци живееше со таа изложба.

Во Египет, по решението (реализирано) да се изнесе богатството на Тут-Анкх-Амон, небаре ќе дојдеше до револуција. Но, светот сепак го виде сјајот на младиот фараон! (Депласирано би било во овој контекст да се пишува за политиката и начините на презентацијата на културното наследство на одделни европски земји, зашто за нив ние сè уште сме во 19 век).

Нашиот јужен сосед, Грција, кога ќе реши да му прикаже нешто на светот, тоа го прави на мајсторски начин (особено ако презентацијата е повеќе или помалку сврзана и со - политиката!). На пример, некаде во 1995 година, во екот на речиси најжестоките расправии за името Македонија и нашето "право" на него, Грција, токму во Рим, организираше огромна изложба посветена на Александар Велики. Во самото срце на Рим, на Via Corso, во Палатата "Мемо". Изложбата била подготвувана повеќе од една година, а технички реализирана за само - десетина дена! Според кажувањата на кустосите во Палатата "Мемо", таква организација и прецизност во реализацијата на една изложба кај нив не се случила со децении. Изложбата во за нас незамисливо голем простор беше посветена на животот и делото на Александар Велики (или - Македонски, како сакате!), а преку оригинални експонати собрани од сите грчки, но и многу странски музеи, со несекојдневни реконструкции на неговите историски освојувања, со уметнички дела инспирирани од личноста на Александар... и - со комплетното злато од Вергина! За изложбата беа отпечатени два каталога (поточно - книги!), во формат А4, обата во обем од по стотина страници, полни со колор-репродукции, а со цена од 80 германски марки - за еден! (Заинтересираните може да ги видат во библиотеката на Министерството за култура во Скопје!). Нормално, изложбата беше одлично медиумски покриена. Пред "Мемо" постојано течеше река од посетители, но што е уште поинтересно: изложбата беше влезена во сите програми на основните училишта во Рим, така што пред Палатата стоеја построени цели одделенија чекајќи да го видат чудото од Грција! Всушност, целата изложба беше една одлично смислена приказна, раскажана на импозантен начин, на вистинско место, во вистинско време! (Иако не е прва таква грчка изложба што сум ја видел, оттогаш сепак им завидувам на - умеењето).

Изложбата, апсолутно, чинеше многу, многу пари. Но, сигурен сум - ја оправдала секоја вложена драхма! Долгорочно!!! (Додуша, "каривме" и ние нешто, онака - на ситно, по нашки. Имено, поради низата историски и политички импликации од таа изложба, а по неколку протести од страна на нашата Амбасада во Рим, г. Мемо, сопственик на Палатата, ни додели бесплатен простор за презентација на македонската изложба на 12 современи уметници, во организација на Македонската секција на ликовни критичари).

Како и да е, светот и од Македонија сака да види врвни вредности, уметнички, односно цивилизациски дострели, т.е. ДЕЛА: репери, граничници, темелници...! Дали ние тоа ќе му го овозможиме е, се разбира, наше решение. Но, кога еднаш за тоа ќе се решиме, светот сака да ги види вистинските вредности - на вистински начин! Тоа пред сè подразбира: професионална културна презентација, во врвни светски метрополи и институции, на врвно стручно-научно рамниште. Поинакви опции, едноставно - не постојат! Или нешто знаете да правите и тоа го правите на најдобриот можен начин, или - не го правите. Во тој поглед средина нема. Нема ура, нема локални култ-ови, нема скржавење од типот "да го направиме, ама да не биде многу скапо". Односно - светот тоа не го прифаќа! Културата секогаш се презентира единствено во нејзиното широко, полно, сеопфатно...значење, но никогаш како култ-ура!

**(Авторот е историчар на уметноста)**